


# ИЗВЕШТАЈ ОД НАЦИОНАЛНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПРИРОДА

**– Главни заклучоци и препораки –**

Националната конференција за природа е организирана од Еко-свест, со поддршка од Фондацијата Еуронатур и Владата на Шведска, со цел да ги соедини граѓанските активисти и локални заедници како движечки сили на зашптитата на природата, како и да обезбеди учење, соработка и меѓусебна поддршка. Настанот е организиран како продолжание на минатогодишната Меѓународна конференција за природа, која се одржа во октомври 2026 година.

Конференцијата е оценета како **одличен и инспиративен настан** кој служи како клучна платформа за вмрежување на истомисленици во секторот за животна средина. Учесниците изразија високо задоволство од:

- **Квалитетот на содржината:** Темите беа актуелни, добро структурирани и со фокус на одржливиот развој.
- **Панелистите:** Изборот на говорници и нивните лични искуства оставија силен впечаток, особено во првите две сесии.
- **Локалните примери:** Посебно беа истакнати успешните приказни за одржливи бизниси кои успеваат да направат рамнотежа меѓу профитот и заштитата на природата.

## Главни заклучоци од дискусиите

### 1. Улогата на локалниот отпор и активизмот

- **Граѓанскиот притисок е клучен фактор за заштита:** Самоиницијативните акции и колективниот отпор на локалните заедници (како во Жировница, Блатец и Иловица) се покажаа како најефикасен механизам за спречување на штетни инфраструктурни проекти.
- **Профитот не смее да биде пред јавниот интерес:** Клучна порака од активистите е дека економската добивка на поединци или корпорации не смее да се остварува преку трајно уништување на екосистемите и ресурсите за питка вода.




**2. Институционални рамки и соработка**

- **Потреба од транспарентност и доследност:** Институциите честопати водат нетранспарентни постапки и недоследно ги применуваат законите, што создава јаз помеѓу власта и потребите на граѓаните.
- **Најава за нови законски решенија:** Министерството за животна средина најави нов Закон за природата (април 2026) и стратегии за биодиверзитет и управување со отпад, признавајќи го граѓанскиот сектор како неопходен партнер во креирањето политики.

**3. Одржливи економски модели (Зелен развој)**

- **Природата како деловен партнер:** Успешните примери (ресторан „Кутмичевица“, „Гризли Иглуз“, „Кози, млеко, планина“) докажуваат дека локалниот бизнис базиран на еко-туризам и традиционално производство е долгорочно одржлив и профитабилен.
- **Бизнисот како чувар на околината:** Еколошките бизниси не само што носат профит, туку активно придонесуваат за чистење на депонии, превенција од пожари и зачувување на биодиверзитетот преку нивните секојдневни активности.

**4. Експертски препораки за иднината**

- **Од стратегија кон имплементација:** Најголем проблем останува слабата примена на постоечките стратегии; потребна е долгорочна визија наместо ад-хок решенија.
- **Интегриран пристап:** Локалниот развој мора да вклучува соработка меѓу сите чинители, јавни дебати при носење одлуки и конкретни инвестиции во одржлива инфраструктура, како што е подобрување на јавниот превоз за сите граѓани.
- **Позитивни примери:** Потреба е размена на позитивните практики и примери на локално ниво и поттикнување на локалните власти да применат иновативни одржливи решенија, особено во доменот на одржливиот транспорт и еко-туризмот. Како пример беше посочен концептот Смарт Охрид кој може да биде реализиран со цел заштита на идниот Споменик на природата- Охридско езеро, како и да биде пресликан во регионот, но и во други општини.

Како генерален заклучок од Меѓународната конференција за природа која се одржа во октомври 2025 година и Националната конференција за природа, одржана во април 2026 година е потребата од континуитет, односно, дека конференцијата треба да стане редовен настан и да се одржува најмалку еднаш годишно. Идните настани треба да овозможат и повеќе различни формати на работа (работа во групи и сл.) и да обезбедат доволно време за интеракција помеѓу учесниците.